РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE E DEMOGRAFISË DHE E TË RINJVE - SHKUP
Бр. / Nr. 02-3877/16
14 07-2025 20 ___год. / viti

Друштво за производство, промет и услуги
ТЕЛКОМ ММ ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 05-157/25
15.07 2025
СКОПЈЕ

**ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА**

**Сервисирање и одржување на компјутери и компјутерска опрема за потребите на Министерство за социјална политика, демографија и млади**

Склучен на ден ________. 2025 година, помеѓу:

**I ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

1. **Министерство за социјална политика, демографија и млади**, со седиште на ул.„Даме Груев„ бр.14 Скопје, претставувано од Министер Фатмир Лимани, во понатамошниот текст: **Договорен орган,** и

1. **Друштво за производство, промет и услуги ТЕЛКОМ ММ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје**, со ЕМБС 6100732, со седиште на адреса: Михаил Чаков 4/14, 1000 Скопје, претставувано од Управител Драган Јовиќ во понатамошниот текст: **Носител на набавката**

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 1**

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски помеѓу Договорниот орган и Носителот на набавката, согласно спроведената постапка за јавна набавка како набавка од мала вредност за набавка на услуги во согласност со позитивните законски прописи поврзани со предметот на набавката (Законот за јавни набавки, Законот за облигациони односи) и важечките подзаконски акти, како и материјалните прописи кои се во сила во моментот на склучување на овој Договор.

**Член 2**

Договорните страни го склучуваат овој договор врз основа на Одлука за јавна набавка со архивски број 02-3877/1 од 12.05.2025 година, Одлука за избор за најповолен понудувач со архивски број 02-3877/8 од 24.06.2025 година, донесена во истата постапка, како и врз основа на доставена понуда од Носителот на набавката со која во целост се прифатени условите, барањата и напомените предвидени во тендерската документација.

**Член 3**

Предмет на овој договор се услуги на сервисирање и одржување на компјутери и компјутерска опрема за потребите на Министерство за социјална политика, демографија и млади.

**III ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ**

**Член 4**

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е македонскиот јазик.

Целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на македонски јазик.

## IV ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 5**

Овој Договор е со важност од една година (12 месеци), сметано од денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

## V ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 6**

Вкупната вредност на овој договор изнесува 300.000,00 денари без пресметан данок на додадена вредност.

Данокот на додадена вредност изнесува 54.000,00 денари.

Вкупната цена на предметната набавка со пресметан данок на додадена вредност изнесува 354.000,00 денари.

Листа на цени

| Листа на делови за DELL Optiflex 3050 Mini Tower | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред.бр. | Опис | Ед. мерка | Количина | Ед. цена без ДДВ |
| 1 | Матична плоча за DELL Optiplex 3050 Mini Tower | парче | 1 | 6.900 |
| 2 | Меморија: 2400MHz DDR4 SDRAM 4GB RAM | парче | 1 | 2.400 |
| 3 | Диск: Solid State Drives со минимален капацитет од 200 GB | парче | 1 | 1.900 |
| 4 | Напојување за DELL Optiplex 3050 Mini Tower | парче | 1 | 6.600 |

| Листа на делови за Dell Optiplex 7010 DT | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред.бр. | Опис | Ед. мерка | Количина | Ед. цена без ДДВ |
| 1 | Матична плоча за Dell Optiplex 7010 DT | парче | 1 | 5.900 |
| 2 | Меморија: 1600MHz DDR3 SDRAM 4GB RAM | парче | 1 | 2.600 |
| 3 | Диск: Solid State Drives со минимален капацитет од 200 GB | парче | 1 | 1.900 |
| 4 | Напојување за Dell Optiplex 7010 DT | парче | 1 | 5.800 |

| Листа на делови за DELL ESPRIMO P757 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред.бр. | Опис | Ед. мерка | Количина | Ед. цена без ДДВ |
| 1 | Матична плоча за DELL ESPRIMO P757 | парче | 1 | 6.200 |
| 2 | Меморија: 2400MHz DDR4 SDRAM 4GB RAM | парче | 1 | 2.700 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | Диск: Solid State Drives со минимален капацитет од 200 GB | парче | 1 | 1.900 |
| 4 | Напојување за DELL ESPRIMO P757 | парче | 1 | 6.800 |

| Листа на делови за LENOVO 310S | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред.бр. | Опис | Ед. мерка | Количина | Ед. цена без ДДВ |
| 1 | Матична плоча за LENOVO 310S | парче | 1 | 9.800 |
| 2 | Меморија: DDR4 2666MHz 4GB RAM | парче | 1 | 2.300 |
| 3 | Диск: Solid State Drives со минимален капацитет од 200 GB | парче | 1 | 1.900 |
| 4 | Напојување за LENOVO 310S | парче | 1 | 2.700 |

| Листа на делови за Lenovo ThinkCentre M710s Small Form Factor | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред.бр. | Опис | Ед. мерка | Количина | Ед. цена без ДДВ |
| 1 | Матична плоча за Lenovo ThinkCentre M710s Small Form Factor | парче | 1 | 9.900 |
| 2 | Меморија: DDR4 2400 MHz 4GB RAM | парче | 1 | 2.700 |
| 3 | Диск: Solid State Drives со минимален капацитет од 200 GB | парче | 1 | 1.900 |
| 4 | Напојување за Lenovo ThinkCentre M710s Small Form Factor | парче | 1 | 6.400 |

| Листа на делови за Dell Latitude E7240 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред.бр. | Опис | Ед. мерка | Количина | Ед. цена без ДДВ |
| 1 | Матична плоча за Dell Latitude E7240 | парче | 1 | 6.600 |
| 2 | Екран за Dell Latitude E7240 | парче | 1 | 5.900 |
| 3 | Меморија: 1600 MHz DDR3 SDRAM 4GB RAM | парче | 1 | 2.500 |
| 4 | Диск: Solid State Drives со минимален капацитет од 200 GB | парче | 1 | 2.300 |
| 5 | Напојување со влез од AC 120/230 V (50/60 Hz) за Dell Latitude E7240 | парче | 1 | 3.400 |
| 6 | Батерија со капацитет од минимум 45 Wh за Dell Latitude E7240 | парче | 1 | 3.500 |
| 7 | Тастатура за Dell Latitude E7240 | парче | 1 | 2.000 |

| Листа на делови за Lenovo L540 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред.бр. | Опис | Ед. мерка | Количина | Ед. цена без ДДВ |
| 1 | Матична плоча за Lenovo L540 | парче | 1 | 9.400 |
| 2 | Екран за Lenovo L540 | парче | 1 | 5.600 |
| 3 | Меморија: 1600 MHz DDR3 SDRAM 4GB RAM | парче | 1 | 2.700 |
| 4 | Диск: Solid State Drives со минимален капацитет од 200 GB | парче | 1 | 2.300 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5 | Напојување со влез од AC 120/230 V (50/60 Hz) за Lenovo L540 | парче | 1 | 2.800 |
| 6 | Батерија со капацитет од минимум 47 Wh за Lenovo L540 | парче | 1 | 3.700 |
| 7 | Тастатура за Lenovo L540 | парче | 1 | 2.000 |

| Листа на делови за THINK PAD P51 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред.бр. | Опис | Ед. мерка | Количина | Ед. цена без ДДВ |
| 1 | Матична плоча за THINK PAD P51 | парче | 1 | 18.900 |
| 2 | Екран за THINK PAD P51 | парче | 1 | 7.900 |
| 3 | Меморија: DDR4 2133 MHz 4GB RAM | парче | 1 | 2.700 |
| 4 | Диск: Solid State Drives со минимален капацитет од 200 GB | парче | 1 | 2.700 |
| 5 | Напојување 170 W со влез од AC 120/230 V (50/60 Hz) за THINK PAD P51 | парче | 1 | 3.300 |
| 6 | Батерија со капацитет од минимум 90 Wh за THINK PAD P51 | парче | 1 | 3.900 |
| 7 | Тастатура за THINK PAD P51 | парче | 1 | 4.300 |

| Листа на делови за Fujitsu Lifebook E557 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред.бр. | Опис | Ед. мерка | Количина | Ед. цена без ДДВ |
| 1 | Матична плоча за Fujitsu Lifebook E557 | парче | 1 | 7.300 |
| 2 | Екран за Fujitsu Lifebook E557 | парче | 1 | 5.900 |
| 3 | Меморија: DIMM DDR4 - 2133 MHz 4GB RAM | парче | 1 | 2.700 |
| 4 | Диск: Solid State Drives со минимален капацитет од 200 GB | парче | 1 | 2.300 |
| 5 | Напојување со влез од AC 120/230 V (50/60 Hz) за Fujitsu Lifebook E557 | парче | 1 | 3.500 |
| 6 | Батерија за Fujitsu Lifebook E557 | парче | 1 | 3.800 |
| 7 | Тастатура за Fujitsu Lifebook E557 | парче | 1 | 3.500 |

| Листа на делови за Lenovo Ideapad 330S | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред.бр. | Опис | Ед. мерка | Количина | Ед. цена без ДДВ |
| 1 | Матична плоча за Lenovo Ideapad 330S | парче | 1 | 6.900 |
| 2 | Екран за Lenovo Ideapad 330S | парче | 1 | 5.800 |
| 3 | Меморија: 4GB RAM | парче | 1 | 2.700 |
| 4 | Диск: Solid State Drives со минимален капацитет од 200 GB | парче | 1 | 2.300 |
| 5 | Напојување со влез од AC 120/230 V (50/60 Hz) за Lenovo Ideapad 330S | парче | 1 | 3.400 |
| 6 | Батерија за Lenovo Ideapad 330S | парче | 1 | 3.300 |
| 7 | Тастатура за Lenovo Ideapad 330S | парче | 1 | 3.100 |

| Листа на делови за FUJITSU E736 | |
|---|---|

| Ред.бр. | Опис | Ед. мерка | Количина | Ед. цена без ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Матична плоча за FUJITSU E736 | парче | 1 | 7.200 |
| 2 | Екран за FUJITSU E736 | парче | 1 | 5.600 |
| 3 | Меморија: DDR4 - 2133 MHz 4GB RAM | парче | 1 | 2.700 |
| 4 | Диск: Solid State Drives со минимален капацитет од 200 GB | парче | 1 | 2.300 |
| 5 | Напојување со влез од AC 120/230 V (50/60 Hz) за FUJITSU E736 | парче | 1 | 3.300 |
| 6 | Батерија за FUJITSU E736 | парче | 1 | 3.500 |
| 7 | Тастатура за FUJITSU E736 | парче | 1 | 2.900 |

| Листа на периферни делови за компјутери и лаптопи | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред.бр. | Опис | Ед. мерка | Количина | Ед. цена без ДДВ |
| 1 | Интернационална тастатура QWERTY со жичан USB приклучок за персонален компјутер, со цифри на десниот дел од тастатурата (numeric keypad):<br>• Боја: црна;<br>• Должина на кабел: минимум 1.2 m;<br>• Поддршка за последната верзија на оперативниот систем Windows;<br>• Приклучок со компјутер: минимум USB 2.0;<br>• Plug and play – за да работи тастатурата не треба да се потребни дополнителни драјвери;<br>• тастатурата треба да има максимален од на тастерите од 3 mm (low-profile тастери или low travel тастери);<br>• Гаранцијата на тастатурата треба да биде минимум еден месец. | парче | 1 | 380 |
| 2 | Глушец за персонален компјутер:<br>• Боја: црна<br>• Должина на кабел: минимум 1.2 m<br>• Сензор: ласерски<br>• Број на копчиња: 3, од кои едно треба да биде тркало<br>• Поддршка за последната верзија на оперативниот систем Windows<br>• Приклучок со компјутер: минимум USB 2.0<br>• Резолуција: минимум 400 DPI<br>• Број на копчиња: минимум 3<br>• Plug and play – за да работи глушецот не треба да се потребни дополнителни драјвери;<br>• Гаранцијата на глушецот треба да биде минимум еден месец. | парче | 1 | 350 |
| 3 | Слушалки со микрофон | парче | 1 | 850 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Приклучок со компјутер: минимум USB 2.0<br>Боја: црна<br>Должина на кабел: минимум 1.5 m<br>Гаранцијата на слушалките треба да биде минимум еден месец. | | | |
| 4 | USB 2.0 to Ethernet Adapter<br>• Брзина на пренос на податоци: минимум 100Mbps<br>• Приклучоци: USB 2.0 и RJ45;<br>• Гаранцијата на USB 2.0 to Ethernet Adapter треба да биде минимум еден месец. | парче | 1 | 670 |
| 5 | Четирипортен USB 2.0 Hub<br>• Минимум 4 USB 2.0 приклучоци;<br>• Гаранцијата на Четирипортен USB 2.0 Hub треба да биде минимум еден месец. | парче | 1 | 600 |
| 6 | 5-port Desktop Gigabit Switch<br>• Гаранцијата на 5-port Desktop Gigabit Switch треба да биде минимум еден месец. | парче | 1 | 1.800 |
| 7 | 8-port Desktop Gigabit Switch<br>• Гаранцијата на 8-port Desktop Gigabit Switch треба да биде минимум еден месец. | парче | 1 | 2.400 |
| 8 | УСБ меморија со метално куќиште:<br>Капацитет: минимум 32GB<br>Приклучок: минимум USB 3.0<br>Брзина на читање: минимум 180MB/s<br>Брзина на пишување: минимум 70MB/s | парче | 1 | 850 |
| 9 | УСБ меморија со метално куќиште:<br>Капацитет: минимум 16GB<br>Приклучок: минимум USB 3.0<br>Брзина на читање: минимум 180MB/s<br>Брзина на пишување: минимум 70MB/s | парче | 1 | 1.100 |
| 10 | УСБ меморија со метално куќиште:<br>Капацитет: минимум 8GB<br>Приклучок: минимум USB 3.0<br>Брзина на читање: минимум 180MB/s<br>Брзина на пишување: минимум 70MB/s | парче | 1 | 600 |

**II. Принтерите и скенерите се од различни производители:**

| Листа на делови за Canon MF 4150 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред.бр. | Опис | Ед. мерка | Количина | Ед. цена без ДДВ |
| 1 | Фолија | парче | 1 | 2.400 |
| 2 | Грејна единица | парче | 1 | 3.300 |
| 3 | Силиконски ваљак | парче | 1 | 2.200 |
| 4 | Вовлекувачка гума | парче | 1 | 700 |
| 5 | Сепаратор | парче | 1 | 1.300 |

| Листа на делови за HP LJ Pro MFP M125 nw | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред.бр. | Опис | Ед. мерка | Количина | Ед. цена без ДДВ |
| 1 | Фолија | парче | 1 | 1.300 |
| 2 | Грејна единица | парче | 1 | 2.700 |
| 3 | Силиконски ваљак | парче | 1 | 1.800 |
| 4 | Вовлекувачка гума | парче | 1 | 600 |
| 5 | Сепаратор | парче | 1 | 900 |

| Листа на делови за Lexmark MS310d | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред.бр. | Опис | Ед. мерка | Количина | Ед. цена без ДДВ |
| 1 | Фолија | парче | 1 | 2.500 |
| 2 | Грејна единица | парче | 1 | 3.800 |
| 3 | Силиконски ваљак | парче | 1 | 2.300 |
| 4 | Вовлекувачка гума | парче | 1 | 500 |
| 5 | Сепаратор | парче | 1 | 900 |

| Листа на делови за Lexmark MX 410 de | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред.бр. | Опис | Ед. мерка | Количина | Ед. цена без ДДВ |
| 1 | Pick roller assembly | парче | 1 | 500 |
| 2 | Separator roller | парче | 1 | 600 |
| 3 | ADF Maintenance kit | парче | 1 | 2.600 |
| 4 | Laser scanning unit | парче | 1 | 3.500 |
| 5 | Power supply | парче | 1 | 2.800 |
| 6 | Controller card | парче | 1 | 1.700 |
| 7 | Сепарациски пад | парче | 1 | 900 |
| 8 | Запчаници | парче | 1 | 900 |
| 9 | Тефлонски ваљак | парче | 1 | 1.900 |
| 10 | Силиконски ваљак | парче | 1 | 2.300 |
| 11 | Дистанцери | парче | 1 | 500 |

| Листа на делови за XEROX Work Centre 7225 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред.бр. | Опис | Ед. мерка | Количина | Ед. цена без ДДВ |
| 1 | Фолија | парче | 1 | 2.600 |
| 2 | Грејна единица | парче | 1 | 3.800 |
| 3 | Силиконски ваљак | парче | 1 | 2.900 |
| 4 | Вовлекувачка гума | парче | 1 | 900 |
| 5 | Сепаратор | парче | 1 | 1.500 |

| Листа на делови за XEROX WorkCentre 3335 MFP MONO | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред.бр. | Опис | Ед. мерка | Количина | Ед. цена без ДДВ |
| 1 | Фолија | парче | 1 | 2.200 |
| 2 | Грејна единица | парче | 1 | 3.300 |
| 3 | Силиконски ваљак | парче | 1 | 2.800 |
| 4 | Вовлекувачка гума | парче | 1 | 900 |
| 5 | Сепаратор | парче | 1 | 1.500 |

| Листа на делови за CANON MF216 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред.бр. | Опис | Ед. мерка | Количина | Ед. цена без ДДВ |
| 1 | Фолија | парче | 1 | 1.800 |
| 2 | Грејна единица | парче | 1 | 2.500 |
| 3 | Силиконски ваљак | парче | 1 | 1.900 |
| 4 | Вовлекувачка гума | парче | 1 | 800 |
| 5 | Сепаратор | парче | 1 | 1.300 |

| Листа на делови за Lexmark MS317DN | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред.бр. | Опис | Ед. мерка | Количина | Ед. цена без ДДВ |
| 1 | Фолија | парче | 1 | 1.800 |
| 2 | Грејна единица | парче | 1 | 2.700 |
| 3 | Силиконски ваљак | парче | 1 | 2.100 |
| 4 | Вовлекувачка гума | парче | 1 | 700 |
| 5 | Сепаратор | парче | 1 | 1.400 |
| 6 | Сет за влечење хартија | парче | 1 | 1.800 |
| 7 | Драм касета | парче | 1 | 2.600 |

| Листа на делови за Lexmark MS417DN | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред.бр. | Опис | Ед. мерка | Количина | Ед. цена без ДДВ |
| 1 | Фолија | парче | 1 | 1.800 |
| 2 | Грејна единица | парче | 1 | 2.700 |
| 3 | Силиконски ваљак | парче | 1 | 2.100 |
| 4 | Вовлекувачка гума | парче | 1 | 700 |
| 5 | Сепаратор | парче | 1 | 1.400 |
| 6 | Сет за влечење хартија | парче | 1 | 1.800 |
| 7 | Драм касета | парче | 1 | 2.600 |

**III. Во МСПДМ во употреба се следниве Ethernet Switch уреди:**

Cisco SR224G
Cisco SFE2000
Cisco SFE2000F
Dell EMC N1124T-ON
HP ProCurve Switch 2510G-24
LevelOne GSW-2454 24
Linksys SGE2000
TP-LINK TL-SG5420
TP-LINK TL-SG1024
TP-LINK TL-SG5428
ZyXel GS1900-24
IBM 249824E
Tenda TEG1024F

Ако некој од овие уреди се расипе треба да се поправи или замени (ако не може да се поправи).

| Листа на делови за компјутерска мрежа | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред.бр. | Опис | Ед. мерка | Количина | Ед. цена без ДДВ |
| 1 | 24-портен Gigabit Rackmount Switch со следниве карактеристики:<br>• Минимум дваесет и четири 10/100/1000Mbps RJ45 порти (Auto Negotiation);<br>• минимум две порти Gigabit Small Form-Factor Pluggable (SFP);<br>• Безбедно далечинско управување со свичот со веб прелистувач како на пример Mozilla Firefox, преку Secure Socket Layer (SSL) криптиран протокол (SSL Security for Web UI), вклучително и Self-signed certificate;<br>• Свичот треба да биде испорачан со еден напонски кабел кој може да се употреби во Македонската електрична мрежа;<br>• Свичот треба да биде испорачан со сите потребни додатоци за да може да се монтира во рак;<br>• Гаранцијата на свичот треба да биде минимум една година. | парче | 1 | 12.600 |
| 2 | SFP modul | парче | 1 | 400 |
| 3 | fiber-optic cable со должина 1m | парче | 1 | 45 |
| 4 | fiber-optic cable со должина 10m | парче | 1 | 680 |
| 5 | Patch Cord Cat.6 - кабел за компјутерска мрежа со приклучоци RJ45 со должина од 3 m за пренос на податоци преку локални компјутерска мрежа (LAN). Четирите вртени парици (4 twisted pairs) треба да бидат заштитени од електромагнетни пречки (shielded). | парче | 1 | 170 |
| 6 | Patch Cord Cat.6 - кабел за компјутерска мрежа со приклучоци RJ45 со должина од 5 m за пренос на податоци преку локални компјутерска мрежа (LAN). Четирите вртени парици (4 twisted pairs) треба да бидат заштитени од електромагнетни пречки (shielded). | парче | 1 | 280 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7 | Patch Cord Cat.6 - кабел за компјутерска мрежа со приклучоци RJ45 со должина од 10 m за пренос на податоци преку локални компјутерска мрежа (LAN). Четирите вртени парици (4 twisted pairs) треба да бидат заштитени од електромагнетни пречки (shielded). | парче | 1 | 400 |

**IV. Цена за интервенција:**

| Ред. бр. | Опис на услуги | Количина | Ед.мерка | Ед. цена на 1 (еден) работен час без ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Тековно одржување на IT опремата: хардвер и системски софтвер, активна и пасивна мрежна опрема, во МСПДМ и Управа за прашања на борците и воените инвалиди | 1 | Работен час | 1.700 |

**Член 7**

Фактурата ги содржи особено следниве елементи:

- повикување на број на договорот;
- датум на изготвување на фактурата;
- количини со опис како што е опишана во техничката спецификација;
- единечни договорени цени за секоја од позициите без вкалкулиран ДДВ;
- вкупни цени по позиции без вкалкулиран ДДВ;
- вкупна цена на фактурата;
- пресметка на данокот за додадена вредност;
- вкупна цена за исплата по фактурата (доколку имало евентуално намалување);
- валута на плаќање;
- рок на плаќање; и
- сметка и банка на давателот на фактурата.

Доколку утврдената вредност на договорот не се исполни во наведениот рок на времетраењето на Договорот, истиот ќе престане да важи по истекот на рокот.

**НАЧИН И УСЛОВИ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 8**

Носителот на набавката е должен да ја реализира услугата континуирано во период од една година (12 месеци), согласно барањата и условите од техничката спецификација и склучениот договор.

Услугите за сервисирање ќе се вршат сукцесивно според потребите на договорниот орган.

Одговорното лице за следење на реализација на договорот доставува барање за сервисирање до Носителот на набавката, а Носителот на набавката може да изврши сервис во просториите на Министерство за социјална политика, демографија и млади како и во просториите на Носителот на набавката.

Ако некој уред, заради сервисирање, треба да биде однесен во просториите на носителот на набавката, носењето до и од просториите на Носителот на набавката го прави самиот тој.

Договорниот орган ќе го извести носителот на набавката за секој настанат дефект по телефон и по е-маил адреса. Носителот на набавката има обврска да интервенира кај Договорниот орган истиот или наредниот работен ден во текот на работното време т.е. од 8:00 часот до 16:00 часот, да ја превземе расипаната компјутерска опрема доколку се работи за пренослива опрема или да направи дијагностика и решавање на проблемот на лице место, во случај на статичка компјутерска опрема.

Носителот на набавката е должен да изврши поправка на расипаниот дел односно во случај на неможност од поправка истиот да го замени со нов резервен дел.

Доколку Носителот на набавка смета дека не може да ја изврши поправката во наведениот рок ( максимум 10 работни дена), должен е писмено да го извести Договорниот орган и да даде образложение за проблемот и потребното време за поправка и откако ќе добие одобрување од одговорното лице за следење на реализација на договорот, да пристапи кон извршување на услугата.

Во зависност од потребното време за поправка или замена на уредот договорниот орган во понудата треба да напише колку работни часови се потребни за поправка или замена на уредот.

Пред секоја активност во текот на извршувањето на договорот, економскиот оператор дава понуда за поправка на уред, разрешување на проблем и слично.

Откако оваа понуда ќе биде прифатена од лицето задолжено за следење на реализација на договорот, економскиот оператор започнува со извршување на активноста.

Во третиот чекор економскиот оператор изготвува детален извештај за активноста во кој се опфатени сите преземени чекори за поправка на уред, разрешување на проблем и слично.

Откако овој извештај ќе биде прифатен од лицето задолжено за следење на реализација на договорот, се извршува последниот чекор од активноста – плаќање на фактурата.

Доколку во текот на интервенцијата се утврди дека е потребно промена и набавка на нов резервен дел ( кој не е вклучен во листата на резервни делови) Носителот на набавката откако писмено ќе го извести Договорниот орган за потребата од менување, должен е да го извести одговорното лице за реализација за цената на чинење на резервниот дел со пресметана маржа до 10% од набавната цена на делот и откако ќе добие одобрување да ја изврши промената на резервниот дел и за тоа да дотсави оригинална фактура за набавениот дел или копија од фактура заверена со потпис и печат верно на оригиналот. Во таков случај се наплаќа извршената работа по работен час. Рокот за извршување на работите започнува да тече од испраќање на електронска порака.

Време на поправка и отстранување на дефект е максимум 10 работни дена од денот на приемот на барањето по телефон и е-маил.

Гаранција на деловите што ќе се заменат да биде една година (12 месеци).

За најголем дел од ситната компјутерска опрема, како на пример, тастатура за персонален компјутер, глушец за персонален компјутер, слушалки со микрофон, USB 2.0 to Ethernet Adapter, 5-port Desktop Gigabit Switch, 8-port Desktop Gigabit Switch нема економска оправданост, ниту техничка можност за поправка, поради што од економскиот оператор се очекува да даде понуда за замена на истите.

Носителот на набавката е должен за реализација на услугата која е предмет на набавката да ги преземе сите активности кои одговараат на природата на бараната услуга и предметната услуга да ја врши совесно, квалитетно и навремено, согласно описот и природата на бараните услуги.

## НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 9**

Начин на плаќање е во рок до 30 дена од денот на прием на фактурата во Архивата на Министерство за социјална политика, демографија и млади.

Рокот на плаќање започнува од денот на доставување на фактура во Архивата на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

## ГАРАНЦИЈА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 10**

Навременото и квалитетно извршување на договорот, носителот на набавката го гарантира со доставување безусловна банкарска гаранција од банка прифатлива за Договорниот орган.

Висината на банкарската гаранција изнесува 5% од вкупната вредност на договорот со ДДВ. Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде со важност до целосно реализирање на договорот. Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот ќе биде во валутата на која гласи договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот Носителот на набавката ја доставува најдоцна во рок до 7 (седум) дена од потпишувањето на договорот. Потпишаниот договор без доставена банкарска гаранција ќе се смета за неважечки и нема да предизвика правно дејство.

За неисполнување на договорните обврски од страна на Носителот на набавка, Договорниот орган има право да ја активира и наплати гаранцијата за квалитетно извршување на договорот во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката.

Оваа гаранција се враќа на носителот на набавката, во рок од 14 дена од денот на целосно реализирање на договорот.

Во случај кога е продолжен рокот за реализација на договорот или е зголемена неговата вредност, носителот на набавката соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот.

## ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 11**

Носителот на набавката е должен да постапува согласно барањето доставено од одговорното лице за следење на реализација на договорот кај договорниот орган како и врз основа на доставената понуда и утврдена техничка спецификација.

Носителот на набавката врз основа на добиеното барање, сукцесивно во зависност од потребата на Договорниот орган се обврзува да ги извршува услугите предмет договорот.

## ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 12**

Договорниот орган се обврзува дека ќе врши исплата на цената за извршените услуги на начин определен со овој Договор.

Лице задолжено за реализација на договорот кај Договорниот орган е Зафир Цаневски, или друго лице овластено од Министер.

**ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕУРЕДНО ИСПОЛНУВАЊЕ НА ОБВРСКИ ОД ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА**

**Член 13**

Договорните страни се согласни дека во случај кога Носителот на набавката нема да ја изврши обврската во роковите определени во овој договор, истиот е согласен на договорна казна. Носителот на набавката се обврзува да плати пенали во висина од 5 (пет) промили од вредноста на неизвршената услуга за неисполнување или неуредно и задоцнето исполнување, но износот на пеналите не може да биде поголем од 5% од вредноста на овој Договор.

Договорниот орган пресметката на договорната казна од став 1 на овој член ќе ја одбие од цената на услугата определена во член 7 од овој договор.

Доколку Носителот на набавка ненавремено ги извршува услугите кои се предмет на набавка, Договорниот орган има право да ја наплати и Гаранцијата за навремено и квалитетно извршување на договорот.

**ВИША СИЛА**

**Член 14**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините на Виша сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на вишата сила, Договорот може да се реализира по потреба со заедничко прифатено дополнување или да се раскине договорно.

**ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН**

**Член 15**

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој договор ќе се применуваат важечките прописи на Република Северна Македонија.

**РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ**

**Член 16**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање. Доколку тоа не даде резултат спорот ќе го решава надлежниот суд во Скопје.

**КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ**

**Член 17**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

**УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

**Член 18**

Кога Носителот на набавката нема да ја исполни својата обврска, во тој случај Договорниот орган, може да бара исполнување на обврската или да го раскине Договорот, а во секој случај има право на надомест на штета и активирање на банкарска гаранција дури и да не даде дополнителен рок за извршување на услугата.

**Член 19**

Кога носителот на набавката нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, договорниот орган има право да му даде дополнителен рок за исполнување на обврската.

Дополнителниот рок може да се даде само во случај кога Договорниот орган не трпи штета и во тој случај нема да се бара надомест на штета и да се активира банкарска гаранција.

**Член 20**

Ако носителот на набавката не ја исполни својата обврска во определениот рок / дополнителниот рок, Договорниот орган може да го раскине договорот, да ја активира банкарската гаранција и да бара надомест на штета.

Во случај на раскинување на договорот поради неисполнување на обврските во определениот рок и во дополнителниот рок, Договорниот орган има право на надомест на штета и право да ја активира банкарската гаранција.

**XV ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**Член 21**

Договорот за јавна набавка во текот на неговата важност може да се дополни и/или измени само врз основа на член 119 од Законот за јавни набавки.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 22**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 23**

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

**Договорниот орган:**
**Министер**
**Fatmir Limani**

Република Северна Македонија / Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE E DEMOGRAFISË DHE E TË RINJVE
СКОПЈЕ-SHKUP

**Носителот на набавката**
**Управител**
**Драган Јовиќ**

Друштво за производство, промет и услуги
ТЕЛКОМ ММ
ДООЕЛ увоз-извоз
СКОПЈЕ

Изработил: Теодора Васиќ Петровска, Советник
Согласен: Љубица Панова, Раководител на сектор
Одобрил: Fatmir Sabriu, Државен секретар